ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР
НА РЕПУБЛИКА
СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Бул. К. Ј. Питу бр. 1, 1000 Скопје
тел. +389 2 3288 100

www.crm.com.mk

Број, Дата 1073/2 од 13.10.2020г.

ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Бр. 03-1073/2
13.10.2020 год
СКОПЈЕ

До:

**Македонски центар за меѓународна соработка (МЦМС)**
Никола Парапунов 41а, Поштенски фах 55
1000 Скопје

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
QEVERIA E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Скопје-Shkup
Примено: / E pranuar: 15-10-2020
Орг.Един. / Njësia Org.: 43 - Број: / Numer: 8977 / Прилог / Shtojcë: 2 / Вредност / Vlerë:

Копие до:

**Влада на Република Северна Македонија**
Генерален секретаријат
Сектор за анализа на политиките и координација –Одделение за соработка со НВО

**Предмет:** Предлог иницијатива на Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС)

Почитувани,

Во Централен регистар на Република Северна Македонија на 01.10.2020 година е пристигнат допис број 43 – 8977/1 од Владата на РСМ, предмет - Предлог иницијатива на Македонскиот центар за меѓународна соработка која е во врска со наслов на иницијативата - Основните податоци за регистрираните граѓански организации во Централниот регистар на Република Северна Македонија да се јавни и лесно достапни.

Централен регистар во рамките на својата надлежност е должен да се произнесе за релевантноста и прифатливоста на предлогот и за тоа да ги извести МЦМС И Владата на РСМ.

Имено, ги разбираме главните цели на иницијативата, а на кои Централен регистар е воедно и поддржувач, а се поврзани со:

- Промовирање на европската вредност во процесот на пристапување на Европската Унија преку транспарентност, зајакнување на соработката со граѓанскиот сектор и академската заедница и интензивирање на регионалната соработка и
- Започнување и успешно водење на процесот на преговори за пристапување на Република Северна Македонија со Европската Унија и очекуваното влијание од предлог – иницијативата:

Бул. К. Ј. Питу бр. 1, 1000 Скопје
тел. +389 2 3288 100
www.crm.com.mk

- Зголемување на довербата меѓу граѓанските организации и Владата преку воспоставување на транспарентен систем на достапни и отворени податоци, како и дополнителниот придонес кон реализирање на Мерката 12 од Стратегијата за развој на соработката со граѓанските организации и на овој начин Владата да одговори на потребите на граѓанските организации и овозможување креирање на политики за развој на граѓанскиот сектор.

Но, во врска со образложението и она што МЦМС смета дека во годишната програма за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2021 година дека треба да се направи напор за спроведување на оваа иницијатива со што следните податоци кои се однесуваат на граѓанските организации да бидат јавно достапни, бесплатни и во машински читлив формат:

1. Единствен матичен број на субјектот;
2. Единствен даночен број;
3. Целосен назив на организацијата;
4. Краток назив на организацијата;
5. Седиште;
6. Адреса и Општина;
7. Датум на основање;
8. Деловен статус;
9. Организационен облик;
10. Сопственици /основачи, и
11. дополнителна заложба во овие основни податоци да влезат и податоците за вкупните приходи и бројот на вработени лица,

како институција повикана за одговорна за спроведување и за постапување, сме должни да ве известиме за следново:

Централен регистар на РСМ, делува во насока на исполнување на Стратегиите донесени од Владата за отворање на податоците, како и на иницијативите на невладиниот сектор и сите други професионални заедници. Така, ЦРРСМ како носител на мерката за исполнување на Стратегијата за отворено владино партнерство (ОВП) ги прави достапни податоците за ЕМБС, ЕДБ, Назив (Целосен и скратен), седиште (адреса и општина), датум на основање, статус и организационен облик кои ќе бидат бесплатно достапни на нашиот веб портал.

Во врска со објава на податоците за сопствениците и основачите должни сме да ве известиме следново:

ЦРРСМ е полноправен член на работната група на Европската Асоцијација на Бизнис Регистри (EBRA) која работи на хармонизација на новата предлог директива за Трговско Право Директива за Трговско Право (DIRECTIVE (EU) 2017/1132 OF THE EUROPEAN PARLIAMENT AND OF THE COUNCIL of 14 June 2017 relating to certain aspects of company law (codification)); и изменетата Директива за

ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Бул. К. Ј. Питу бр. 1, 1000 Скопје
тел. +389 2 3288 100
www.crm.com.mk

користење на јавни податоци (PSI Directive - DIRECTIVE 2013/37/EU OF THE EUROPEAN PARLIAMENT AND OF THE COUNCIL of 26 June 2013 amending Directive 2003/98/EC on the re-use of public sector information); како и донесената Директива за примена на дигитални процеси и дигитални алатки во трговското право (DIRECTIVE (EU) 2019/1151 OF THE EUROPEAN PARLIAMENT AND OF THE COUNCIL of 20 June 2019 amending Directive (EU) 2017/1132 as regards the use of digital tools and processes in company law).

Главен фокус се правните и општествените предизвици при имплементацијата на директивите и нивната усогласеност со ГДПР директивата (Директивата за заштита на лични податоци на ЕУ).

Член 14 од ПСИ директивата повикува на јавност и достапност на податоци од јавниот сектор (информации и документи).

Членот 19 од предлог Директивата за трговско право наведува кои елементи од информациите и документите кои ги прибираат бизнис регистрите треба да бидат јавно достапни.

Согласно Европската комисија и двете директиви треба да ги почитуваат одредбите на ГДПР директивата.

Проблемот настанува во неусогласеноста на двете директиви со ГДПР директивата и колизијата на одредбите помеѓу јавниот и приватниот интерес и се отвора прашањето за опасност од де-анонимизиација и ре-идентификација на отворените податоци (Рецитал 16 од ПСИ Директивата).

За овој проблем нема јасно толкување ниту насоки од страна на Комисијата.

ГДПР како правна рамка го лимитира опсегот на податоци кои може да се споделат како отворени податоци.

Постои конфликт помеѓу ГДПР и ПСИ во поглед на отвореноста на податоците. Бизнис регистрите се притиснати помеѓу двете директиви. Оваа дискрепанца мора да се реши на ниво на Европа.

За таа цел во рамките на работната група на ЕБРА е формирана посебна подгрупа претставувана од страна на Регистрите од Австрија, Белгија, Данска, Финска, Франција, Германија (СРВ), Италија, Латвија, Холандија, Северна Македонија, Норвешка, Португалија, Словенија, Шпанија, Шведска и Велика Британија (подоцна се приклучуваат и други земји и континуирано се шири составот) која ќе ги формулира заедничките укажувања на бизнис регистрите и ќе учествува во дијалогот со Европската Комисија во поглед на прецизирање на барањата на предметните директиви и нивно усогласување со барањата на Директивата за заштита на лични податоци. Целта за која е формирана групата е да ги формулира и комуницира прашањата до Европската комисија по однос на конфликтните

Бул. К. Ј. Питу бр. 1, 1000 Скопје
тел. +389 2 3288 100
www.crm.com.mk

одредби и да се воспостави редовен дијалог со Комисијата по однос на ефектите на измените врз работата на бизнис регистрите.

Генералниот став, кој веќе е и преточен во последната верзија на предлог промената на Директивата за трговско право, е дека се намалува опсегот на бесплатни податоци кои регистрите ќе ги обезбедуваат, но и дека мора да се изнајдат механизми за примена на ГДПР директивата за заштита на лични податоци, посебно при издавање на информации за физички лица кои се јавуваат во одредена ролја во субјектите (пр. Сопственици, одговорни лица, итн.).

ЦРРСМ, иако Република Северна Македонија не е полноправна членка на ЕУ, е препознаен како институција со висок степен на усогласеност со ЕУ Директивите, за што признание е и номинацијата за учество во директниот дијалог со Европската Комисија при дефинирањето на идната директива за Трговско Право, во рамките на ЕБРА.

Дополнително, во врска со заложбата во основните бесплатни и отворени податоци да влезат и податоците за вкупните приходи и бројот на вработени лица ве известуваме дека Централен регистар ќе го следи курсот на донесените одлуки и пракси на ниво на Европа усогласени со Европската Комисија и ќе делува на иста линија со останатите европски бизнис регистри, почитувајќи го секако и мислењето и применувајќи ги одлуките на Владата и секторот задолжен за европски и економски прашања на ниво на државата .

Известуваме дека на ниво на Европа со цел да се хармонизира опсегот на отворени податоци кои сите регистри се спремни да ги дадат без надомест и дека се направи „зелена листа" на податочни атрибути (единечни податоци). Предлог „зелената листа" е дадена до ЕК на одобрување. Во принцип, обемот на податоци не би се разликувал од она што беше иницијално предложено со член 19 од предлог директивата, но има за цел да се верификува со сите јурисдикции. Зелената листа би требала да претставува консензуален минимум кој се обезбедува од сите јурисдикции, а доколку има јурисдикции кои нудат повеќе податоци без надомест (со оглед на нивното финансирање), тоа да го прават на доброволна основа.

На основа на горе искажаното, работната група ги дефинираше следните податоци како "зелена листа" застапени во најголем дел од членките на ЕБРА:

- Правна форма
- Датум на основање за земји со нотарски систем
- Датум на регистрација во бизнис регистарот
- Престанок на друштвото

Додека ЦРРСМ го објавува следното податочно множество – бесплатни податоци по поединечен субјект дадени во табелата 1 во продолжение, што е повеќе во однос на „зелената листа".

| Item | Original Name in Macedonian | English Translation | Definition/Values |
|---|---|---|---|
| 1 | ЕМБС; | Unique Company ID | National company ID used in all inter-institutional exchange (7 digits) |
| 2 | ЕДБ; | Tax Number | Issued by the tax authority (13 digits) |
| 3 | Целосен назив; | Full Name | Full company name |
| 4 | Скратен назив; | Short Name | Short name as registered and used in legal operations |
| 5 | Датум на основање; | Date of establishment | Date of establishment |
| 6 | Правна форма; | Legal Form | Type of company as per Company Law (LLC, J/C, etc.) |
| 7 | Правен статус; | Legal status | Active/Inactive (based on economic activity in the year) |
| 8 | Адреса; | Address (seat) | Registered seat used in all official correspondence |
| 9 | Дополнителни информации (во стечај/во ликвидација); | Additional information (in bankruptcy/liquidation) | Whether bankruptcy or liquidation procedures have been opened |
| 10 | Претежна дејност; | Core activity (object) | NACE 2 Code |
| 11 | Големина. | Size | Micro, Small, Medium, Large |

Табела 1 - бесплатни податоци по поединечен субјект достапни преку веб порталот на ЦРРСМ

Исто така, известуваме дека на ниво не Европа не е јасна формулацијата односно насоката за достапност на податоците во машински читлив облик и се чека на толкување на Европската Комисија за да истата добие примена односно постои потреба од толкување на тоа кој ќе биде опфатот на машински читливи документи, но и на самиот термин бидејќи ќе се створи проблем со примена во пракса. Бизнис регистрите во Европа имаат рок за усогласување и примена на насоката за достапност на податоците во машински читлив облик од усвојување на Директивата од 5 (пет) години за примена на оваа одредба со можност од

Бул. К. Ј. Питу бр. 1, 1000 Скопје
тел. +389 2 3288 100
www.crm.com.mk

пролонгирање и засега истата не се применува. Овој член од директивата бара од земјите членки да обезбедат дека сите информации и документи кои ги прибира регистарот при регистрација на друштво или подружница да се чуваат во регистрите во машински читлив формат чија содржина може да се пребарува или во вид на структурирани податоци. Намерата на оваа одредба е информациите и документите да може да се пребаруваат и разменуваат со останати системи.

Инаку укажуваме на широкиот опфат на контекстот "машински читливи документи" од директивата, а тоа прилагодувањето на системите кај сите регистри што ќе предизвика трошоци за надградба на системите, што и беше истакнато на повеќето од состаноците на работната група. Во РСМ како земја која не е членка на ЕУ се смета дека оваа насока би имала одложена примена.

Бизнис регистрите на ниво на Европа ја искажуваат својата загриженост дека отворените податоци како модел претставува сериозна закана за економската одржливост и опстанок.

Покрај ова, сите регистри ќе бидат сочени со развојот на отворени податоци и појавата на нови комерцијални регистри (неофицијални). Ова преставува сериозен проблем во однос на доверливоста и интегритетот на податоци кои денес ги обезбедуваат јавните институции – регистрите.

Цениме за неопходно да Ве известиме дека ЦРРСМ добива(л) мислења и укажувања за преиспитување на обемот на лични податоци кои јавно се објавуваат од страна на Агенцијата за заштита на личните податоци и утврдена е повреда на Законот за заштита на личните податоци со инспекциски надзор. Исто така, со Записник од спроведен инспекциски надзор добиена е насока за измена на законските и подзаконските акти кои ја регулираат надлежноста на ЦРРСМ, за тие да бидат усклaдени со прописите за заштита на личните податоци.

За крај би сакале да ве информираме за активностите на ЕБРА ПСИ Директивата бара европските компании односно Бизнис Регистрите да достават Податочни сетови од висока вредност (ХВДС) до 17 јули 2021.[1] Овие податочни сетови се за поттикнување на иновативност согласно член 14(2).[2]

[1] Директивата дава период не подолг од 2 години (дополнително од рокот) за организации кои се самофинансирачки -член 14(5). Во овој случај ХВДС мора да се обезбеди до 17 јули 2023.

[2] http://data.europa.eu/eli/dir/2019/1024/oj /

Бул. К. Ј. Питу бр. 1, 1000 Скопје
тел. +389 2 3288 100
www.crm.com.mk

Врз база на анализата на работната група Бордот на ЕБРА упати писмо до ПСИ Комитетот при ЕК во кое го информираше за заедничкиот став по однос на хармонизираниот сет на податоци .

Состанокот на ПСИ Комитетот е одржан на 29-30 октомври 2019 година, во Луксембург.

Писмото од ЕБРА е дискутирано во детали. Предлогот на работната група го содржи минимум податочниот сет кои е усогласен помеѓу бизнис регистрите. Интенција на Комисијата е да се обиде да го прошири сетот на податоци, но при тоа сериозно се разгледува влијанието на Директивата за заштита на лични податоци (ГДПР) и аргументите кои бие составен дел од писмото на ЕБРА.

ГДПР претставува сериозно прашање за сите земји членки и постои сериозна загриженост во поглед на нејзината примена. Се предлага ПСИ Комитетот да даде упатство за понатамошно постапување.

Имплементациските акти за различните податочни сетови од висока вредност се очекуваа да бидат подготвени оваа есен. Овие активности се одложени заради развивањето на состојбата со COVID19.

Во меѓувреме сите членови на работната група кои имаат свои претставници во Брисел се во постојана комуникација. Информирани сме дека и самата Директива за заштита на лични податоци ќе подлежи на ревизија и најверојатно ќе бидат предложени измени, но не очекуваме некој поразличен развој на политиките за заштита на личните податоци на ниво на Европа. Оваа информација е сеуште неформална.

**Ве информираме за последниот воедначен став и статус по однос на ПСИ Директивата од комуникацијата со експерткатa група и ПСИ комитетот:**

- Основното прашање кај ПСИ Директивата останува кои и колку податоци да се дадат како отворени податоци.
- Опстојува конфликтот на одредбите на Директивата за заштита на лични податоци (ГДПР) и ПСИ Директивата. Повторно е разгледано прашањето на опасноста од де-анонимизиација и ре-идентификација на отворени податоци
- Комисијата во принцип би сакала што е можно повеќе податоци да бидат вклучени во отворениот сет од висока вредност (ХВДС) од страна на регистрите
- ПСИ комитетот настојува на што е можно поголем сет на податоци вклучително и податоци за сопствениците. Листата која била презентирана на состанокот (иако не е конечна) ги содржи најголем дел од податоците од тековна состојба на правните лица.

Бул. К. Ј. Питу бр. 1, 1000 Скопје
тел. +389 2 3288 100
www.crm.com.mk

- ПСИ комитетот се обидува да најде правен основ за отворање на податоците и нивно споделување
- На последниот состанок на ПСИ Комитетот беше разгледано писмото изготвено од страна на ЕБРА
- Имплементацискиот акт е предмет на дискусија

Во врска со дијалогот со ЕК во целост ви го доставуваме на увид писмото доставено до ЕК од страна на Претседателот на ЕБРА:

---

EUROPEAN BUSINESS

REGISTRY

ASSOCIATION

15 October 2019

Mr. Yvo Volman, Head of Unit

European Commission, DG Connect, Gl

Re: High Value Data Set on Company Data

European Business Registry Association (EBRA) is the association of Business Registry professionals that provides insight to Business Registry policy, operations and technology initiatives. EBRA is an international non-profit association under Belgian law. Its head office is located in Brussels. EBRA identifies and coordinates working groups and research projects to analyse emerging policy and common registry challenges. One of these working groups regards Company Law and Public Sector Information (PSI). This working group has considered the relation between General Data Protection Regulation (GDPR) and the Directive (EU) 2019/1024 of the European Parliament and of the Council of 20 June 2019 on open data and the re-use of public sector information (called hereafter the 'PSIdirective') [1]. The working group has also identified which information items are available in most EBRA Member States.

Бул. К. Ј. Питу бр. 1, 1000 Скопје
тел. +389 2 3288 100
www.crm.com.mk

The PSI directive requires the European Business or Company Registers to deliver a High Value Data Set as of 17 July 2021. This dataset is meant to support innovative purposes, as referred to in article 14(2) of the PSI directive

The EBRA Working Group has gathered information from its membership on data sets already shared by those members as open data under the category "companies and company ownership" (one of the six defined PSI categories). The EBRA members also considered if provisions of the GDPR restrict the possibility to share more business registry data as open data.

In the course of their discussions, it become clear that there are different practices among EBRA members regarding which data should be shared as open data.

EBRA working group members expressed the views that the GDPR framework may limit the possibility of sharing personal data as open data, and in some cases the public sharing of data that might even lead to re-identification or de-anonymization of data. Potentially, this could be a source of conflict between the GDPR and the openness required by the PSI directive.

The members of the Working Group also considered the consequences of sharing data as open data. Once data is made open, it will always remain accessible on the internet. Future developments in data processing are unpredictable, making data open today may have unforeseen consequences in the future.

Moreover, an important finding from the working group discussions was that the content of the various datasets differs in the European Business Registers. The complexity of the data makes it difficult to compare data sets and find conformity. Particular issues are due to semantic differences and availability of data fields.

Considering the reasons mentioned above, the EBRA working group expressed the opinion that it would be difficult to come up with a proposal for a common dataset.

The members however agreed that if the PSI directive defines a common dataset it should in their view be considered as a minimum requirement. Each Member State may decide on their own initiative to make additional information available as open data.

Based on the current situation, the working group identified the following information items as being available in most EBRA Member States:

o Legal form

o Date of establishment for countries with a notary system o Date of registration in the business register

o End date of a company

o It needs to be highlighted that this data is available for public and private limited liability companies, not for sole traders or partnerships.

We would like to provide these conclusions of the EBRA working group experts to you as insight for your preparatory work. This contribution is naturally without prejudice to positions of the representatives of the EU Member States who are in charge of defining what they consider appropriate within this framework.

President

Antti Riivari

European Business Registry Association International non-profit association

Avenue Marnix 30

1000 Bruxelles

Belgium

---

Наша должност е да информираме за развојот на настани и активности од доменот на нашето работење и европските одлуки од кои сме засегнати.

Исто така, Ве известуваме дека сме согласни да земеме учество во работната група со наши претставници во врска со финализирање на сите детали околу создавањето и одржувањето на бараните отворени податоци, но истовремено предлагаме составот на групата да се прошири со претставници од Агенцијата за заштита на личните податоци како релевантен орган која во рамките на својата надлежност треба да го даде своето мислење во врска со горенаведената иницијатива со оглед на опфатот на личните податоци за јавна објава во рамките на иницијативата. Во врска со објава на податоци за физички лица, треба да се има предвид ГДПР како правна рамка која го лимитира опсегот на податоци кои може да се споделат како отворени податоци.

Остануваме верни партнери на Владата и на професионалните заедници и секогаш им излегуваме во пресрет на нивните инцијативи, кои се двигатели на општествените текови и реформи и подобрување на бизнис климата во државата.

ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР
НА РЕПУБЛИКА
СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Бул. К. Ј. Питу бр. 1, 1000 Скопје
тел. +389 2 3288 100
www.crm.com.mk

Точните, веродостојни, навремени податоци како и нивниот квалитет кои ја даваат сликата за националната економија и со кои се опслужува целата деловна заедница и другите релевантни органи во државата се наш императив.

Со почит,

Директор

Марија Бошковска - Јанковски

ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА * СКОПЈЕ *